# АНАЛИЗА НА ГЛАВНИТЕ НАОДИ ОД ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА РОМСКАТА ПОПУЛАЦИЈА ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ЖИВЕЕЊЕ, ПРИСТАПОТ ДО РАЗЛИЧНИ ПРАВА И УСЛУГИ, ОДГОВОРОТ ОД СТРАНА НА ДРЖАВАТА И ОСТАНАТИ ЧИНИТЕЛИ ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19 ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ “ОДГОВОР НА РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА ПРИ КРИЗНИ СОСТОЈБИ“



ТИМ Институт –Истражување, квалитет, развој

Септември, 2021

## СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Вовед и цели на проектот | 3 |
| Методолошки извештај | 3 |
| Клучни наоди | 4 |
| Демографска структура на испитаниците | 6 |
| Анализа на податоците од истражувањето | 8 |

# МЕТОДОЛОШКИ ИЗВЕШТАЈ

За целите на проектот “ОДГОВОР НА РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА ПРИ КРИЗНИ СОСТОЈБИ”, спроведено е мерење на јавното мислење за перцепцијата за условите за живеење, пристапот до различни права и услуги, одговорот од страна на државата и останати чинители за време на пандемијата со КОВИД-19 преку теренско CAPI истражување на 2527 испитаници, од ромската заедница, жители на 4 општини во Република Северна Македонија: Карпош, Ѓорче Петров, Прилеп и Шуто Оризари.

Истражувањето беше спроведено од страна на партнерски граѓанските организации Здружение – ЕСЕ, ИРИЗ, ЛИЛ, Романо Чачипе и Станица ПЕТ, преку специјализиран CATI софтвер, во сопственост на ТИМ Институт.

Софтверот е “Cloud” базирана апликација и истиот ги содржи сите функционалности потребни за спроведување на ваквиот тип на анкети, како:

- Креирање на соодветни прашалници со различен тип на прашања
- Собирање на податоците од анкетите во реално време во база на податоци
- Преглед на резултатите од тековните анкети во реално време
- Можост за повеќејазични анкети
- Експорт на собраните податоци во Excel или SPSS формат
- Преглед на одговори по инстанца

Овие и сите други функционалности на софтверот, овозможуваат спроведување на анкетите на професионален начин врз основа на воспоставените истражувачки стандарди, супервизија на анкетарите и резултатите од анкетата во текот на спроведување на анкетата и собирање на податоците во бази кои што се подготвени за обработување и анализа на добиените резултати.

За потребите на истражувањето беше изработен програмски прашалник, од 45 прашања и дополнителни прашања поврзани со демографските карактеристики на испитаниците.

Пред почеток на истражувањето беше спроведено пилот тестирање на 10 интервјуа, направено со цел тестирање на прашалникот и давање на коментари и повратна информација од интервјуата, за подобрување на истиот и олеснување на теренското анкетирање.

Анкетирањето се спроведе во ромските населби во кои што партнерските ромски организации работат повеќе години. Тоа се населби кои се јасно дефинирани, по однос на број на домаќинства од страна на ромските организации. При тоа во општината Шуто Оризари се населбите кои гравитираат околу улиците Брсјачка Буна, Пелагонија, Нов Живот, како и населбата Хангарни бараки. Во општината Ѓорче Петров анкетирањето се спроведе во ромските населби во рамки на населбата Даме Груев и Ѓорче Петров 2, додека во општина Карпош се спроведе во ромските населби во Злокуќани и во Момин Поток. Во општина Прилеп анкетирањето се спроведе во ромската населба Тризла, која е

дел од градот Прилеп. По методологијата на работа во заедницата кои организациите ја применуваат повеќе години, со анкетирањето се опфаќа по еден член од секое домаќинство кое припаѓа на претходно дефинираната населба. Анкетирањето се одвиваше на македонски јазик.

SPSS за Windows и Microsoft Office за Windows (Word и Excel) беа употребени за статистичка обработка на податоците, изготвување на извештајот, графиците и табелите.

# КЛУЧНИ НАОДИ

## Постоечки состојби

- Семејната куќа е најчест тип на домување, по кој следи импровизираното живеалишта во кое живеат 13% од интервјуираните во општина Карпош, 10% од интервјуираните во општина Прилеп и 2,5% од интервјуираните во општината Шуто Оризари . Во домаќинствата во просек живеат 5 лица. Околу едно од 10 домаќинства во Прилеп и Карпош немаат водовод и канализација на располагање во своето живеалиште. Мнозинството (9 од 10интервјуирани) имаат мобилен телефон, а повеќе од половина поседуваат смартфон. Шест од 10 домаќинства имаат интернет, 3 од 10 поседуваат таблет во својот дом.
- **Во просек 4 од 10 интервјуирани граѓани имаат барем едно хронично заболување** (Секој втор жител од Шуто Оризари и Ѓорче Петров, една третина од испитаниците на Карпош и околу една четвртина од испитаниците од Прилеп). **Нагласена е потребата од здравствена заштита во сите 4 општини:** потреба од матичен лекар (особено истакнато во Шуто Оризари), пунктови за тестирање (особено во Карпош и Шуто Оризари), аптеки (нагласено во Карпош и Прилеп), пунктови за вакцинација и Брза Помош (Шуто Оризари). **Се забележува висок степен на загриженост за различни аспекти и последици од пандемијата**, особено страв од зараза, загриженост за финансиската состојба во домаќинството, останување без редовните приходи и зголемување на трошоците заради состојбата поврзана со пандемијата.
- **Во просек една петина од интервјуираните домаќинства истакнале дека децата во нивното домаќинство можеле да следат онлајн настава само помал дел од времето или воопшто не можеле да следат настава** (25% од испитаницитеод општина Прилеп, 21%од Ѓорче Петров, 17% од Карпош и 18% од Шуто Оризари.
- **Се забележува намалување на користењето на јавниот превоз за време на пандемијата во речиси сите Скопски општини** каде е направено истражувањето. Проблемите поврзани со посети на здравствени установи и одење на работа се најчестите негативни последици од намаленото користење на јавниот превоз за време на пандемијата.

- **Во просек 3 од 10 интервјуирани користеле некаков вид на социјална помош за време на пандемијата**(34% од интервјуираните граѓани од Прилеп, 31% од Шуто Оризари, 29% од Карпош и 23% од Ѓорче Петров). Од нив речиси 8% се соочиле со делумно или целосно укинати права, додека 12% оствариле повеќе права од оние кои ги користеле пред пандемијата.
- **Генерално земено, граѓаните се чувствуваат безбедно во своите населби во Ѓорче Петров и Карпош, а делумно безбедно во Прилеп и Шуто Оризари.** Дополнително, повеќе од четвртина од испитаниците од општина Шуто Оризари изјавиле дека безбедноста во нивната населба се влошила од почетокот на пандемијата (март 2020 до денес), но и дека најмногу време на полицијата и е потребно да дојде во Шуто Оризари.

## Мерки на централна и локална власт

- **Платежните картички за домашни производи се издвојуваат како најмногу искористена мерка** од страна на Владата за помош на населението во услови на пандемија, при што повеќе од половина од домаќинствата (51%) ја добиле оваа помош. Во однос на останатите мерки, најчесто се спомнати гарантирана минимална помош (21%), ваучер за одмор (19%) и енергетски додаток (17%).
- **Се забележува ниско ниво на задоволство од помошта од страна на општината**. Никаква помош од општината во најголем дел не им била понудена на жителите на Карпош (92%), Ѓорче Петров (81%) и Прилеп (70%). Во општина Шуто Оризари околу 46% од испитаниците истакнале дека помошта се однесува на донација на храна и хигиенски средства додека околу 31% испитаници издвоиле дека добиле донација во вид на заштитна опрема за заштита од инфекција од корона вирусот (маски, ракавици, дезинфекција).

## Одговор од страна на заедницата

- **Самоиницијативното превземање на одредени мерки и активности во однос на пандемијата со Ковид-19 за помош на заедницата варира од општина во општина**. Најголема инертност и отсуство на иницијативност се забележува кај жителите на општина Карпош, а најголема кај жителите на општина Прилеп. Превземените мерки и активности од страна на граѓаните по однос на пандемијата со Ковид-19 во најголем обем се однесуваат на информирање за начините за заштита од инфекција, по што следува помош на заболените или лицата во изолација. **Волонтирањето во време на пандемија, е ретко практикувано.** 18% од жителите на Прилеп и единствено 2% односно 3% од жителите на Ѓорче Петров и Шуто Оризари волонтирале за време на пандемијата.
- **Невладините организации биле релативно активни и на различни начини придонеле кон совладување на потешкотиите предизвикани од пандемијата**. Единствено 15% од интервјуираните не навеле ниту еден вид на помош што Невладините организации го дале во нивната заедница (8% од интервјуираните во Прилеп, 26% во Ѓорче Петров). Донација во храна и хигиенски средства од страна на НВО во најголем обем истакнале жителите на Шуто Оризари (73%). Над две третини од испитаниците во сите 4 општини истакнале дека невладините организации се погрижиле да обезбедат заштитни маски и дезинфициенси. Донации на витамини или други препарати се идентификувани во две општини,

68% споменати од жителите на Прилеп и 60% споменати од жителите на општина Шуто Оризари.

- **Верската заедница се вклучила со помош во заедницата од почеток на пандемијата.** Околу две третини од жителите на Карпош истакнале дека добиле донација во храна и хигиенски средства од верската заедница. Ваква помош истакнале и 60% од жителите на Прилеп, половина од жителите на општина Шуто Оризари и 46% од жителите на Карпош. Донација на заштитни маски и дезинфициенси од страна на верската заедница истакнале по 40% од жителите на Карпош и Шуто Оризари, 29% од жителите на Прилеп и 21% од Ѓорче Петров.

## Кохезија

- **Соседите и непосредната заедница се најподготвени да излезат во пресрет со купување на прехрамбени производи и лекови во случај член на заедницата да се заболи од КОВИД-19.**
- Повеќе од половина од испитаниците во сите 4 општини сметаат дека луѓето од нивната заедница ќе им помогнат да обезбедат здравствена заштита и ќе останат со нив во редовен контакт во случај да се разболат од Ковид-19. Секој втор испитаник го дели ставот дека може да смета на совет, разговор, храна и социјална поддршка од своите соседи. Во помал обем испитаниците веруваат дека може да сметаат на помош при наоѓање на работа и престој доколку имаат потреба.

# ДЕМОГРАФСКА СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЦИТЕ







Работен статус
Невработен
42,5
Вработен во приватен сектор
19,5
Пензионер
10,2
Домаќинка
9,4
Вработен во јавен сектор
5,1
Хонорарец
5
Земјоделец
1
Сопственик на бизнис
1
Ученик, студент
0,7
Друго
5,7
0 5 10 15 20 25 30 35 40 45


Семејни приходи
Помалку од 6.000 денари
17,9
6001 - 12000 денари
32,5
12001 - 18000 денари
23,3
18001 - 24000 денари
9,5
24001 - 30000 денари
3,8
30001 - 45000 денари
2,1
45001 - 60000 денари
0,3
60001 +
0,2
Одбива да одговори
8,3
Не знае
2,1
0 5 10 15 20 25 30 35

# АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Постоечки состојби

### 1.1. Услови за живеење

**График 1 (Q1). Испитаникот живее во :**




Анализата на добиените одговори покажува дека највисок процент од испитаниците од сите четири општини вклучени во ова истражување живеат во семејна куќа (единечна или поврзана со друга куќа).Дополнително, 13% од испитаниците во општина Карпошизјавиле дека живеат во импровизирано живеалиште, додека истото го изјавиле 10% од испитаниците од општина Прилеп и 3% од испитаниците од општина Шуто Оризари. Значително мал процент од испитаниците во ова истражување изјавиле дека живеат во стан.

**График 2. (Q2) Кои од наведените инсталации ги имате на располагање во вашето живеалиште?**




Висок процент од испитаниците изјавиле дека имаат водоснабдување од водовод во нивните општини. Испитаниците од општина Карпош, во нешто помал процент (86%) изјавиле дека имаат водоснабдување од водовод во споредба со испитаниците од општина Шуто Оризари (99%), Ѓорче Петров (98%) и Прилеп (90%).Од друга страна, испитаниците од општина Карпош (14%) и од општина Шуто Оризари (26%) пријавиле дека имаат проточна вода или вода од чешма која не е од водовод.

Повеќе од 90% од испитаниците во сите четири општини изјавиле дека имаат струја.

Во однос на расположливата канализација повеќе од 90% од испитаниците од Ѓорче Петров и Шуто Оризари се изјасниле позитивно, додека истото го изјавиле 83% од испитаниците од Прилеп и 87% од испитаниците од Карпош.

Во однос на поседувањето на интернет во домот, во најголем процент позитивно се изјасниле испитаниците од општина Ѓорче Петров (72%), потоа следуваат испитаниците од општина Шуто Оризари (65%), Карпош (58%) и Прилеп (50%). Околу една третина од

испитаниците од Ѓорче Петров (35%) изјавиле дека поседуваат компјутер / лаптоп во домаќинството, додека истото го изјавиле 31% од учениците од општина Прилеп. Секој четврти учесник од општина Шуто Оризари (25%) има компјутер / лаптоп во домаќинството, додека Карпош е општината во која најмал процент од испитаниците поседуваат компјутер / лаптоп  во домаќинството (21%).

Релативно мал процент од учениците од сите четири општини имаат фиксен телефон во домаќинството. Во оваа насока, речиси секој четврти учесник од општина Ѓорче Петров изјавил дека има фиксен телефон во домаќинството, додека единствено 19% од испитаниците на општина Карпош и Шуто Оризари го изјавиле истото.

**График 3 (Q3) Дали имате мобилен телефон и каков тип?**




Најголем дел од испитаниците од сите четири општини (9 од 10 испитаници) изјавиле дека поседуваат мобилен телефон (смартфон или мобилен телефон кој не е смартфон). Во оваа насока, речиси две третини од испитаниците на општина Шуто Оризари (67%) изјавиле дека поседуваат смартфон.

Во просек, секој десетти испитаник во истражувањето истакнал дека нема мобилен телефон.

**График 4 (Q4) Доколку сте на при-пејд тарифа на мобилниот телефон, колку често во минатиот месец се случувало да останете без средства за да можете да се јавувате?**




Секој трет испитаник од општините Ѓорче Петров и Карпош изјавил дека често и/или постојано му се случува да остане без средства за да може да ја користи при-пејд тарифата на мобилниот телефон. Истото го изјавиле и повеќе од четвртина од испитаниците од општина Прилеп (27% агрегирани одговори –"често" и "постојано") и општина Шуто Оризари (23% агрегирани одговори "често" и "постојано").

Речиси една четвртина од испитаниците од Прилеп и Ѓорче Петров се на пост-пејд тарифа, 16% од испитаниците од Шуто Оризари и 7% од испитаниците од Карпош.

**График 5 (Q5) Дали имате интернет на Вашиот мобилен телефон?**




Анализата на добиените резултати покажува дека речиси половина од испитаниците во сите општини немаат интернет на својот мобилен телефон.

Четири од 10 испитанициизјавиле дека имаат интернет на својот мобилен телефон.

**График 6 (Q6) Колку лица живеат во вашето домаќинство?**




Анализата на добиените податоци покажува дека во просек 4 од десет домаќинства од 4те испитани општини бројат повеќе од 5 члена, додека во 6 од десет домаќинства има помалку од 5 лица кои живеат во домаќинството. Притоа 16% од испитаниците од Карпош изјавиле дека нивното домаќинство брои повеќе од 7 лица.

**График 7 (Q7) Број на членови на семејството кои имаат посебни потреби (физичка или ментална попреченост)**




Најголем процент од испитаниците од сите општини изјавиле дека немаат членови со посебни потреби во домаќинството.

Осум проценти од испитаниците од општина Ѓорче Петров изјавиле дека во домаќинството имаат член со посебни потреби, додека истото го изјавиле по 4% од испитаниците од Прилеп, Карпош и Шуто Оризари.

**График 8 (Q8) Број на бремени жени во домаќинството:**



Вкупно 15% од испитаниците од општина Прилеп изјавиле дека има една бремена жена во домаќинството додека истото го изјавиле 12% од испитаниците од општина Ѓорче Петров. Во општина Карпош и општина Шуто Оризари 6% од испитаниците изјавиле дека во домаќинството има бремена жена.

## 1.2 Здравствена заштита

**График 9 (Q10)Дали во моментов имате некоја хронична здравствена состојба/заболување кое ви е откриено/дијагностицирано од страна на доктор?**




Вкупно 70% од испитаниците од општина Прилеп, две третини од испитаниците на општина Карпош (65%) и половина од испитаниците на Шуто Оризари и Ѓорче Петров немаат ниту едно хронично заболување дијагностицирано од страна на лекар.

Секој втор жител од Шуто Оризари и Ѓорче Петров има барем едно хронично заболување (една петина имаат една хронична болест, додека една шестина имаат две хронични болести).

Една третина од испитаниците на Карпош и околу една четвртина од испитаниците од Прилеп имаат барем едно хронично заболување.

**График 10 (Q11) Дали од почетокот на пандемијата (март 2020 година) до денес сте имале потреба да користите било каква здравствена заштита поврзана со Ковид-19?**




Анализата на добиените резултати покажува дека во Шуто Оризари четвртина од испитаниците (25%) изјавиле дека имале потреба да користат здравствена заштита поврзана со Ковид-19. Истото го изјавиле 18% од испитаниците од Прилеп, 16% од испитаниците од Ѓорче Петров и 13% од испитаниците од општина Карпош.

**График 11 (Q12) За кои од следните здравствени услуги сметате дека се неопходно потребни во самата ваша заедница или во непосредна близина за успешно справување со пандемијата со Ковид-19 или со некоја идна пандемија?**




Најголем дел од испитаниците од Шуто Оризари (92%) истакнале дека имаат потреба од матичен лекар, додека истото го изјавиле повеќе од половина од испитаниците од Прилеп(56%), 46% од испитаниците од општина Ѓорче Петров и 42% од испитаниците од општина Карпош.

Од пунктови за тестирање најголема потреба имаат испитаниците од општина Карпош (62%) и општина Шуто Оризари (56%).

Повеќе од две третини (77%) од испитаниците од Карпош и повеќе од половина од испитаниците од Прилеп (57%) изјавиле дека имаат потреба аптеки во нивната општина.

Две третини од испитаниците од општина Шуто Оризари (66%) истакнале дека во нивната општина има потреба Пунктови за брза помош и Пунктови за вакцинација (67%).

**График 12 (Q13) Ве молам кажете ми дали се согласувате, или не се согласувате со следните изјави:**




Анализата на добиените одговори покажува дека најголем дел од испитаниците од сите четири општини вклучени во ова истражување се многу загрижени дека тие или некој член на нивното семејство / пријатели ќе се зарази со КОВИД-19. Истовремено, постои голема загриженост за финансиската состојба во домаќинството, останување без редовните приходи и зголемување на трошоците заради состојбата поврзана со пандемијата.

Секој втор испитаник е многу нервозен кога размислува за корона вирусот.

Четири од десет испитаници истакнуваат дека имаат и проблеми со концетрацијата и спиењето, како и дека чувствуваат голема нервоза и напнатост како последица на пандемијата.

**График 13 (Q14) Дали за време на пандемијата (од март 2020 година), почувствувавте потреба да се консултирате со стручно лице по однос на менталното здравје, поради причини поврзани со пандемијата со корона вирусот?**




Речиси четвртина од испитаниците од општина Прилеп (24%) почувствувале потреба да се консултираат со стручно лице по однос на менталното здравје, поради причини поврзани со пандемијата со корона вирусот. Истото го изјавиле 15% од испитаниците од општина Карпош. Најмала потреба од консултација со стучно лице по однос на менталното здравје поради пандемијата пријавиле испитаниците од Ѓорче Петров (5%) и Шуто Оризари (6%).

## 1.3 Образование

**График 14 (Q16) По однос на децата кои посетуваат онлајн настава Ве молам кажете ми дали беа во можност да ја следат онлајн наставата за целото време по почетокот на пандемијата (од март 2020 година до денес)?**




Повеќе од половина од испитаниците од општина Шуто Оризари (54%) изјавиле дека децата од нивното домаќинство можеле постојано или поголем дел од времето да следат онлајн настава. Истото го изјавиле повеќе од третина од испитаниците на општина Прилеп (36%) и општина Ѓорче Петров (39%).

Четвртина од испитаниците на општина Прилеп (25% - агрегирани одговори) истакнале дека децата во нивното домаќинство можеле да следат онлајн настава само помал дел од времето или воопшто не можеле да следат настава. Истото го изјавиле 21% (агрегирани одговори) од испитаниците од општина Ѓорче Петров, 17% (агрегирани одговори) од испитаниците од општина Карпош и 18% (агрегирани одговори) од испитаниците од општина Шуто Оризари.

## 1.4 Патна комуникација и превоз

**График 15 (Q17) Дали до Вашето живеалиште можат да пристапат поголеми возила, односно камиони, комбиња и сл. (земајќи ги во предвид условите на улицата - ширината на улицата и условите на самата улица)?**




Најголем дел од испитаниците од општина Карпош (91%) изјавиле дека до нивното живеалиште можат да пристапат поголеми возила, како камиони и комбиња.

Две третини (66%) од испитаниците на општина Ѓорче Петров го изјавиле истото, но сепак една третина (33%) од испитаниците кои живеат во оваа општина се изјасниле негативно во однос на ова прашање.

Повеќе од половина од испитаниците од општина Шуто Оризари (52%) изјавиле дека поголеми возила имаат пристап до нивното живеалиште, додека 40% го изјавиле спротивното.

Разлики во однос на ова прашање постои и кај испитаниците од општина Прилеп, каде 44% од испитаниците се изјасниле позитивно, додека 40% се изјасниле негативно.

**График 16 (Q18) Колку е редовен јавниот превоз кој е најблиску до Вашата населба за време на пандемијата (од март 2020 година до денес)?**




Во однос на редовноста на јавниот превоз, повеќе од две третини од испитаниците од општина Ѓорче Петров (77%) изјавиле дека во нивната општина има неколку автобуси во еден час, додека истото го изјавиле третина (36%) од испитаниците од општина Шуто Оризари.

Шест од десет испитаници од општина Карпош изјавиле дека во нивната населба има автобуси на еден час, додека секој четврти испитаник од оваа општина истакнал дека автобуси во нивната населба има поретко од еден час.

Високи 86% од испитаниците од општина Прилеп не знаеле да се изјаснат во однос на ова прашање.

**График 17 (Q19) Дали од почетокот на пандемијата (во периодот од март 2020 до денес) имаше промена во користењето на јавниот превоз од Ваша страна?**




Се забележува намалување на користењето на јавниот превоз за време на пандемијата во речиси сите Скопски општини каде е направено истражувањето.

44% од испитаниците во општина Ѓорче Петров изјавиле дека го намалиле користењето на јавниот превоз, додека 15% од испитаниците од оваа општина изјавиле дека воопшто не користеле јавен превоз за време на пандемијата.

Третина од испитаниците жители на општина Карпош изјавиле дека го намалиле користењето на јавниот превоз, додека една петина изјавиле дека воопшто не користеле јавен превоз за време на пандемијата.

Вкупно 17% од испитаниците од општина Шуто Оризари го намалиле, додека 13% целосно го прекинале користењето на јавниот презов за време на пандемијата.

Високи 82% од испитаниците - жители на општина Прилеп изјавиле дека не користеле јавен превоз пред пандемијата. Истото го изјавил секој четврти учесник од општините Шуто Оризари и Карпош и речиси третина од испитаниците од општина Ѓорче Петров.

**График 18 (Q20) Дали со тоа што го намаливте користењето на јавниот превоз, или не го користите воопшто за време на пандемијата се соочивте со следните проблеми:**




Проблеми поврзани со посети на здравствени установи и одење на работа се најчестите негативни последици од намаленото користење на јавниот превоз за време на пандемијата.

Повеќе од четвртина од испитаниците кои живеат во општина Карпош (25%) изјавиле дека со тоа што го намалиле користењето на јавниот превоз или воопшто не го користеле истиот за време на пандемијата се соочиле со проблеми со одењето на работа. Со истиот проблем се соочиле 18% од испитаниците од Ѓорче Петров и Шуто Оризари.

Речиси секој трет испитаник од Карпош изјавил дека се соочил со проблем со посета на здравствена установа како последица на тоа што го намалиле користењето на јавниот превоз или воопшто не го користеле истиот за време на пандемијата, а истото го изјавиле повеќе од четвртина од испитаниците од Ѓорче Петров (27%) и 21% од испитаниците од општина Шуто Оризари.

Половина од испитаниците -жители на општина Ѓорче Петров истакнале дека не се соочиле со никакви проблеми како последица на тоа што го намалиле користењето на јавниот превоз или воопшто не го користеле истиот за време на пандемијата, а истото го

потврдиле 39% од испитаниците од општина Карпош и 34% од испитаниците од општина Шуто Оризари.

## 1.5Социјална заштита

**График 19  (Q21) Дали за време на пандемијата (од март 2020 година) до денес користите некој вид на социјална помош?**




Анализата на добиените резултати покажува дека секој трет испитаник од општина Прилеп (34%) и Шуто Оризари (31%) користел некаков вид на социјална помош за време на пандемијата. Истото го изјавиле и 29% од испитаниците кои живеат во општина Карпош и 23% од испитаниците од општина Ѓорче Петров.

**График 20  (Q22) Дали се соочивте со промена:**




Од испитаниците кои користеле некаков вид на социјална помош, вкупно 14% (агрегирани одговори) од испитаниците од општина Шуто Оризари истакнале дека делумно или целосно им биле укинати права, додека истото го изјавиле 11% (агрегирани одговори) од испитаниците од општина Ѓорче Петров и 3% од испитаниците од општина Прилеп.

Од друга страна, 18% од испитаниците - жители на општина Прилеп изјавиле дека оствариле повеќе права од тие што ги користеле пред пандемијата, додека единствено 6% од испитаниците од Шуто Оризари, 4% од испитаниците од Ѓорче Петров и 2% од испитаниците од Карпош го потврдиле истото.

Сепак, најголем процент од испитаниците од сите четири општини изјавиле дека не се соочиле со никаква промена на нивните права.

## 1.6 Безбедност

**График 21 (Q23) Дали се чувствувате безбедно во Вашата населба?**




Анализата на добиените одговори покажува дека 7 од 10 испитаници од општините Ѓорче Петров и Карпош, се чувствуваатбезбедни во нивните населби, додека четвртина од нив изјавиле дека делумно се чувствуваат баздебно во своите општини.

Состојбата со останатите две општини е поинаква. Анализата покажува дека секој четврт испитаник од општините Прилеп (42%) и Шуто Оризари (43%) изјавил дека во својата населба се чувствува делумно безбеден, додека 17% од испитаниците од Прилеп и 14% од испитаниците од Шуто Оризари изјавиле дека не се чувствуваат безбедно во нивните населби.

**График 22 (Q24) Дали од почетокот на пандемијата (март 2020 до денес), безбедноста во Вашата населба се.....**




Повеќе од четвртина од испитаниците од општина Шуто Оризари изјавиле дека безбедноста во нивната населба се влошилаод почетокот на пандемијата (март 2020 до денес). Истото го изјавиле 9% од испитаниците на општина Прилеп, 3% од испитаниците од Карпош и 2% од испитаниците од Ѓорче Петров.

Дека безбедноста во нивната населба од почетокот на пандемијата се подобрила изјавиле 13% од испитаниците од Шуто Оризари, 9% од Карпош и 3% од испитаниците од Прилеп и Ѓорче Петров.

Најголем дел од испитаниците од општините Ѓорче Петров (92%), Карпош (88%) и Прилеп (78%) изјавиле дека нема промени во безбедноста во нивната населба од почетокот на пандемијата до денес, додека истото мислење го делат половина (51%) од испитаниците од општина Шуто Оризари.

**График 23 (Q25) Колку време и е потребно на полицијата да дојде во Вашата населба кога ќе биде повикана?**




Анализата на добиените одговори покажува дека полицијата најбрзо доаѓа во општината Ѓорче Петров, каде четири петини (агрегирани одговори "минути" и "половина час") од испитаниците изавуваат дека по повик полицијата доаѓа во рок од половина час.

Најмногу време на полицијата и е потребно да дојде во Шуто Оризари, каде повеќе од половина од испитаниците (54% - агрегирани одговори) изјавиле дека на полицијата по направен повик и е потребно еден час повеќе за да дојде во населбата.

Повеќе од половина (53%) од испитаниците од општина Прилеп и 48% од испитаниците на општина Карпош изјавуваат дека на полицијатаи е потребно до половина час за да пристигне во населбата по остварен повик.

**График 24 (Q26) Според Ваше мислење, во иднина, во случај на некоја друга пандемија или останата непогода, што треба да се направи за да подобри здравствената, социјалната заштита на населението, како и безбедноста?**




На отвореното прашање за тоа што треба да се направи за да подобри здравствената, социјалната заштита на населението, како и безбедноста во услови на идна пандемија најголем процент од одговорите на испитаниците се однесуваат на подобрувањето на здравствената и социјалната заштита, модернизација на условите во болниците, обезбедување на поголем број на матични лекари, достапна Брза помош, бесплатна храна и лекови за граѓаните, како и поголема безбедност и полициски котроли. Дел од испитаниците истакнуваат дека државата е потребно навремено да го спроведе планот за справување со кризи и неминовно да одвои буџет за кризни состојби и помош на граѓаните.

Испитаниците од општина Шуто Оризари како најпотребно истакнале: Поголем број на матични лекари и функционална дежурна служба (14%) и достапна и ефикасна Брза помош (7%).

## 2. Мерки на централната и локалните власти

**График 25 (Q27) За време на пандемијата Владата усвои повеќе мерки за помош на населението во услови на пандемија. Кажете ми за сите членови на семејното домаќинство кои мерки ги добиле?**




Податоците од сите 4 општини покажуваат дека повеќе од половина од испитаниците (51%) изјавиле дека добиле платежни картички за домашни производи и воедно оваа се издвојува како најмногу искористена мерка од страна на Владата за помош на населението во услови на пандемија.

Во однос на останатите мерки, најчесто се спомнати следниве: гарантирана минимална помош (21%), ваучер за одмор (19%) и енергетски додаток (17%).

**График 26 (Q28)Дали добивте некаков вид на помош од страна на општината и каков вид на помош добивте од страна на општината?**




Анализата на добиените одговори покажува дека жителите на Карпош во најголем обем НЕ добиле никаква помош од страна на општината (92%). Исто така висок процент на одговори дека **не** добиле никаква помош од општината се забележуваат кај жителите на општина Ѓорче Петров (81%) и Прилеп (70%). Половина од испитаниците од општина Шуто Оризари истакнале дека локалните власти ги препознале потребите на своите сограѓани и им помогнале во надминување на дел од секојдневните предизвици. Околу 46% од испитаниците истакнале дека помошта се однесува на донација на храна и хигиенски средства додека околу 31% испитаници издвоиле дека добиле донација во вид на заштитна опрема за заштита од инфекција од корона вирусот (маски, ракавици, дезинфекција).

**График 27. (Q29) Дали помошта од страна на општината беше соодветна на потребите на луѓето од Вашата заедница за да им обезбедат помош и поддршка за време на пандемијата?**




Помошта од страна на општината во обезбедување на помош и поддршка за време на пандемијата, испитаниците од општина Карпош сметаат дека воопшто не била соодветна на потребите на луѓето во заедница (90%). Околу три четвртини од испитаниците од општина Ѓорче Петров во делат истото мислење и околу 37% од испитаниците на општина Прилеп.

По околу една третина од испитаниците од Шуто Оризари, сметаат дека помошта е делумно соодветна (33%) односно не е содветна (30%). Дека помошта е соодветна и ги задоволува потребите на луѓето околу справувањето со предизвиците за време пандемијата истакнале 17% од испитаниците од Шуто Оризари, што преставува тројно поголем број на задоволни граѓани во однос на задоволните граѓани од општините Прилеп и Ѓорче Петров.

## 3. Одговор од страна на заедницата

**График 28 (Q30)Дали луѓето од Вашата заедница самоиницијативно преземаа одредени мерки и активности по однос на пандемијата со Ковид-19 за помош на заедницата во периодот од почетокот на пандемијата (март 2020) до денес?**




Поврзано со самоиницијативното превземање на одредени мерки и активности во однос на пандемијата со Ковид-19 за помош на заедницата најголема инертност и отсуство на иницијативност се забележува кај жителите на општина Карпош. Околу три четвртини од нив истакнале дека не превземале никакви мерки ниту активности. Овој процент на одговори поврзан со отсуството на иницијативност кај жителите на Шуто Оризари

изнесува 40% додека, кај жителите на општина Ѓорче Петров 26% и кај жителите на општина Прилеп 17%.

Превземените мерки и активности од страна  на граѓаните по однос на пандемијата со Ковид-19 за помош на заедницата во периодот од почетокот на пандемијата до денес, во најголем обем се однесуваат на информирање за начините за заштита од инфекција.

Овие мерки и активности ги превземале 42% од жителите на Прилеп, околу 37% од жителите на Ѓорче Петров, 24% од жителите на општина Шуто Оризари и само 7% од жителите на општина Карпош.

Помош на лица заболени од вирусот или во изолација, самоиницијативно им понудиле една петина од жителите на Шуто Оризари, и по 12% од жителите на општините Прилеп и Ѓорче Петров.

За помош на особено загрозени лица од заедницата кои не се заболени, но имаат потреба од помош (лица со хендикеп, самохрани родители, семејства со мали деца, стари и изнемоштени лица и сл.) самоиницијативно се организирале 19% од жителите на општина Прилеп и 11% од жителите на општина Шуто Оризари.

**График 29 (Q31)  Дали Вие волонтиравте во одредени активности за помош на лицата од Вашата заедница за време на пандемијата со Ковид-19 (од март 2020 до денес), без разлика од чија страна биле спроведени тие активности (општината, невладини организации, Црвен крст, од самата заедница или од други)?**




Волонтирањето кое почива на доброволна основа и без финансиска или друга лична придобивка, според податоците од истражувањето не преставува мотивација за жителите од 4те општини.

Се забележува дека волонтирањето како начин да им се помага на останатите луѓе во заедницата во време на пандемија, е препознаено кај 18% од жителите на Прилеп и само 2% односно 3% од жителите на Ѓорче Петров и Шуто Оризари.

**График 30 (Q32) Каков вид на помош дале невладините организации во вашата заедница од почетокот на пандемијата (март 2020) до денес?**




Анализата на добиените резултати покажува дека невладините организации на различни начини придонеле кон совладување на потешкотиите предизвикани од пандемијата.

Донација во храна и хигиенски средства од страна на НВО во најголем обем истакнале жителите на Шуто Оризари (73%). Ваков вид донација истакнале 48% од жителите на Прилеп и 19% од жителите на Карпош.

Над две третини од испитаниците на сите 4 општини истакнале дека невладините организации се погрижиле да обезбедат заштитни маски и дезинфициенси.

Донации на витамини или други препарати се идентификувани во две општини, 68% споменати од жителите на Прилеп и 60% споменати од жителите на општина Шуто Оризари.

Општо земено финансиска помош од страна на НВО отсуствува, но е излезено во пресрет на индивидуален случај во Прилеп и Шуто Оризари.

Активноста на НВО согласно одговорите на испитаниците се забележува дека е присутна и со совети и информации за заштита од Ковид-19 но и совети поврзани со пополнување документи за искористување на некоја од мерките на Владата кои се усвоија како одговор на пандемијата, споменато од во проек една третина од испитаниците од сите 4 општини.

**График 31 (Q33) Каков вид на помош дала верската заедница во вашата заедница од почетокот на пандемијата (март 2020) до денес?**




Помош и поддршка во справувањето со последиците од пандемијата се забележува и од страна на верските заедници. Околу две третини од жителите на Карпош истакнале дека добиле донација во храна и хигиенски средства токму од верската заедница. Ваква помош истакнале и 60% од жителите на Прилеп, половина од жителите на општина Шуто Оризари и 46% од жителите на Карпош.

Донација на заштитни маски и дезинфициенси од страна на верската заедница истакнале по 40% од жителите на Карпош и Шуто Оризари, 29% од жителите на Прилеп и 1/5 од жителите на Ѓорче Петров.

Донација на витамини или други препарати се споменати единствено од страна на жителите на Шуто Оризари (15%) и жителите наопштина  Прилеп (16%)

Околу половина од жителите на општина Ѓорче Петров изразиле неможност да одговорат на ова прашање.

## 4. Кохезија во заедницата

**График 32 (Q34) Дали од почетокот на пандемијата (март 2020) до денес, вие или член на вашето семејство бевте позитивни на Ковид-19?**




Во сите општини во минимум едно од 10 анкетирани домаќинства барем еден член во домаќинство бил позитивен на Ковид 19.

Кај испитаниците од општина Шуто Оризари овој процент на барем еден позитивен член на ковид во домаќинство, изнесува 22%, додека за двојно помалку позитивни на ковид се забележуваат во одговорите на испитаниците од Прилеп (11%) и Карпош (10%).

Испитаниците од општина Ѓорче Петров во 17% случаи истакнале дека имале член на домаќинство позитивен на ковид-19.

**График 33 (Q35) Дали вашите соседи односно луѓето од вашата непосредна заедница ви помогнаа во некои од следните работи?**




Во домаќинствата каде имало член болен од ковид, најголем дел од испитаниците во сите 4 општини истакнале дека соседите односно луѓето од нивната непосредна заедница им помагале при задоволување на некои потреби.

Солидарноста од соседите преку купување на прехрамбени производи ја истакнале 78% од жителите на Ѓорче Петров, 67% од жителите на Прилеп, половина од жителите на Карпош и 40 од жителите на Шуто Оризари.

Помош во купување на лекови, од страна на соседите истакнале 74% од жителите на Прилеп и 68% од жителите на Ѓорче Петров. По 36% од испитаниците на општините Шуто Оризари и Карпош истакнале дека соседите се грижеле за обезбедување на лекови на луѓето ид непосредната заедница.

Иако во помал обем, се забележуваат и останати начини на помош од страна на соседите и тоа при обезбедување на здравствена заштита, редовна комуникација на безбеден начин, помош при чување на малолетните деца, помош при извршување на други потреби и услуги (пример – банка, плаќање сметки, административни работи и слично).

Околу половина од испитаниците на општина Шуто Оризари истакнале дека соседите не им понудиле своја помош ниту поддршка.

**График 34 (Q36-Q45) Ќе Ви прочитаме неколку прашања по однос на вашите искуства и мислења поврзани со вашите соседи, односно лицата од вашата непосредна заедница. Вие треба да ни кажете дали се сложувате, делумно се сложувате или не се сложувате?**




Речиси 4 од 10 испитаници не се согласуваат со ставот дека луѓето од нивната заедница се грижат само за себе си. Ова мислење го делат една четвртина од испитаниците (30% од испитаниците од Шуто Оризари, една петина од испитаниците од Прилеп и Ѓорче Петров и единствено 9% од испитаниците од Карпош).

Шест од 10 испитаници веруваат дека луѓето од нивната заедница ќе им помогнат доколку се разболат од Ковид-19 и дека во тој случај би им купувале намирници, лекови и витамини.

Повеќе од половина од испитаниците во сите 4 општини сметаат дека луѓето од нивната заедница ќе им помогнат да обезбедат зсравствена заштита и ќе останат со нив во редовн контакт во случај да се разболат од Ковид-19. Секој втор испитаник го дели ставот дека може да смета на совет, разговор, храна и социјална поддршка од своите соседи.

Во помал обем испитаниците го делат мислењето дека може да сметаат на помош при наоѓање на работа и престој доколку имаат потреба.